**Date: 01.09.2016**

**До:**
**Референтен број: IPA/2015/369-849; 0505-302**

## БАРАЊЕ ЗА ПОНУДА
### ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УСЛУГА – ПЕЧАТЕЊЕ НА ПРОМОТИВЕН МАТЕРИЈАЛ И ПУБЛИКАЦИИ

Почитувани,

Асоцијацијата за Демократски иницијативи (АДИ) ве повикува да доставите понуда за испорака на услуга – печатење на промотивен материјал, публикација и брошура за потребите на проектот**: „Различноста е во мода – промоција на локален мултикултурализам“**. Проектот се имплементира во рамки на програмата Инструмент за Граѓанско општество и медиуми 2014. Проектот го спроведува Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) Гостивар, во партнерство со Мултиетничката асоцијација Флоренс Најтингел и "*Стопанската комора на Северозападна Македонија*". Проектот финансиски е поддржан од Европската Унија (ЕУ).

Услугата ќе треба да биде обезбедена согласно Договорот кој ќе биде склучен помеѓу набавувачот и добавувачот, по изборот на понудата.

Ве замолуваме, земете ги предвид следниве насоки за доставување на понудата:

1) Понудата треба да биде во следниов формат:

| # | Опис на услуга | Количина | Единечна цена без ДДВ (во МКД)* | Вкупна цена без ДДВ (во МКД) | Вкупна цена со ДДВ (во МКД) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Печатење на промотивни материјали. Пакет (пенкало, нотес,и папка)<br>1.1 Пенкало четирибојно<br>1.2 Папка 4/0<br>1.3 Нотес 4/0 | 580 пакети | | | |
| 2. | Публикација: Проценка на напредокот во спроведувањето на локалните стратегии и политики кои се однесуваат на интеграцијата на етничките заедници и односи меѓу заедниците.<br><br>формат: Б5;обем: 160 страници вкупно со корица;хартија: 90 гр. Офсет бела; печат: 2/2 внатре и 4/0 корици; корица: 250 гр. Бристол или моден картон; доработка: лепење<br>3.1. Дизајн, уредување и | 900 копии | | | |



Bul. B. Ginoski 61
1230, Gostivar
Phone: +389 42 22 11 00
Fax: +389 42 22 11 02
e-mail: adi@adi.org.mk
web: www.adi.org.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | подготовка за печатење;<br><br>Печатење на две јазици (Македонски, Албански) | | | | |
| 3. | Брошура: Рамка за мултикултурно планирање . формат: Б5;обем: 60 страници вкупно со корица;хартија: 90 гр. Офсет бела;печат: 2/2 внатре и 4/0 корици; корица: 250 гр. Бристол или моден картон; доработка: лепење<br><br>Дизајн, уредување и подготовка за печатење;<br><br>Печатење на четири јазици (Македонски, Албански, Турски и Ромски) | 1000 копии | | | |
| **Вкупно:** | | | | | |

**Забелешка*: *Проектите финансирани од ЕУ се ослободени од сите давачки и даноци, вклучувајќи го и данокот на додадена вредност ( ДДВ). Затоа, единечните цени кои вклучуваат ДДВ нема да се сметаат за подобни.*

2) Во прилог на понудата треба да се достави и следната документација:

- тековна состојба од добавувачот, не постара од една година;
- изјава на овластено лице на добавувачот дека против субјектот не е поведена стечајна постапка и нема забрана за вршење на дејност.

Понудата се доставува со предавање во архивата на набавувачот (АДИ, бул. Б. Ѓиноски бр. 61, 1230 Гостивар) или преку e-mail на **linda@adi.org.mk**

Проектите финансирани од ЕУ се ослободени од сите давачки и даноци, вклучувајќи го и данокот на додадена вредност (ДДВ). Набавувачот ќе го плати нето износот (без ДДВ) и ќе му ги достави на добавувачот и на надлежниот орган сите потребни документи за спроведување на постапката за поврат од ДДВ при промет на добра и услуги во земјата.

Документацијата која се поднесува како копија, мора да е заверена од добавувачот со печат и со потпис на одговорно лице, со назнака "Верно на оригиналот". Доколку понудата се праќа преку e-mail, документите со печат и со потпис, мора да се скенирани.

Понудата мора да се достави во рок од 5 дена од денот на прием на барањето, но не подоцна од 07.09.2016

Со почит,

Асоцијација за Демократски Иницијативи

Лулзим Хазири
Извршен директор



Bul. B. Ginoski 61
1230, Gostivar
Phone: +389 42 22 11 00
Fax: +389 42 22 11 02
e-mail: adi@adi.org.mk
web: www.adi.org.mk